**Известување за концентрација со која ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје, Република Северна Македонија ќе стекне контрола над МГФ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје, Република Северна Македонија (предмет бр. 08-78/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 29.04.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Друштво за трговија и услуги ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје, со седиште на адреса ул. Енвер Идризи бр. 16а, Скопје – Сарај, Република Северна Македонија ќе стекне единствена контрола над Друштвото за услуги МГФ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Никола Кљусев бр. 6, кат 7, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удел.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Приоритетна дејност на ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје е трговија на големо со дрва, градежни материјали и санитарна опрема. ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје претставува Холдинг Компанија која има 3 подружници во различни сектори (Вадење на декоративен камен и камен за градежништвото, варовник, суров гипс, креда и шкрилци, Трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема и Управувачки дејности).

ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје како холдинг и како матична компанија има 2 ќерки фирми, и тоа:

1. Друштво за транспорт трговија и услуги СТЕЕЛ ТРАНС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште ул. Енвер Идризи бр. 16а, Скопје - Сарај, со регистрирана дејност 49.410 - товарен патен транспорт;

2. Друштво за производство, трговија и услуги СТИЛ КОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште ул. Хасан Приштина бр. 145, Визбегово, Бутел, со регистрирана дејност 43.990 - Други специјализирани градежни работи, н.д.м.

МГФ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје е основано во 2025 година со регистрирана дејност - останати услужни дејности. Меѓутоа, МГФ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје се уште нема остварено деловна активност.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар за трговија на големо со дрва, градежни материјали и санитарна опрема во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

30.04.2026 година
Скопје